# Антикорупциски месечник

Платформата  на граѓански организации за борба против корупцијата е активна мрежа на граѓански организации која промовира добро владеење, предводи иницијативи и презема чекори за застапување во насока на охрабрување на граѓаните и  поттикнува политичка волја за борба против корупцијата во Република Северна Македонија.

Антикорупциски месечник е информатор на Платформата на  граѓански организации за борба против корупцијата. Прикажани се активностите на членките во изминатиот месец.

## Барање за повлекување на дневниот ред на Седница 112 на Собранието на Република Северна Македонија

### Платформа на граѓански организации за борба против корупција

Платформата на граѓански организации за борба против корупција поднесе барање до Претседател на Собрание на Република Северна Македонија и Пратеници на Собрание на Република Северна Македонија да го повлечат дневниот ред на седницата број 112 на Собранието, закажана на 10 април 2023 година во 11 часот.

Носењето специјален закон, како што е Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на автопатот Прилеп–Битола) во Република Северна Македонија, уште од самиот почеток вклучуваше ризици од корупција, бидејќи ги заобиколуваше општите закони, на што укажа и Платформата во тогашната реакција, а кон критиките се придружија и други домашни и странски чинители.

### Форум-Центар за стратешки истражувања и документација



## Обука за младински за младински активизам против корупција

Здруженијата Форум-Центар за стратешки истражувања и документација, Импетус и Центар за европски развој и интеграција од 31 март до 2 април во Крушево ја организираа првата од предвидените четири обуки за младински активизам против корупцијата. На обуката учествуваа дваесетина млади луѓе од Пелагонискиот и Вардарскиот регион, кои во текот на трите дена се здобија со знаења и вештини за организирање локални иницијативи кои ќе го имаат фокусот на борба против корупцијата.

Проектот „Младински активизам против корупцијата“ е поддржан од програмата Цивика мобилитас.

### Фондација за интернет и општество Метаморфозис




## Меѓународна конференција „Дигитална трансформација за граѓаните” (04. – 05.04.2023)

На 04-05.04 во Хотел Мериот (Скопје), Фондацијата Метаморфозис ја организираше меѓународната конференција „Дигитална трансформација за граѓаните” во хибриден формат. Конференцијата обедини над 300 учесници физички, над 190 преку ЗУМ и над 1600 преку преносот во живо на Facebook, кои дискутираа за инклузивна и ефикасна дигитална трансформација заснована на потребите на граѓаните која не остава простор за поткопување на човековите права и достоинства, ниту пак за дигиталната исклученост на ниедна заедница. Конференцијата обедини претставници од институциите, граѓанскиот сектор, медиумите, академијата, активистите, практичарите и граѓаните овозможувајќи им да ја истражат дигиталната трансформација низ призмата на паметното е-Владеење, дигиталниот јаз, приватноста, вештачката интелигенција, сајберотпорноста и хибридното војување.

### Македонски центар за меѓународна соработка

## Регионален билтен за антикорупција

Во билтенот е даден преглед на моменталната состојба на напорите за борба против корупцијата во регионот на Западен Балкан, вклучително и загриженоста за деловната транспарентност и законските измени кои ги зголемуваат овластувањата на парламентите за мониторинг. Исто така, опфатени се информации за улогата на граѓанското општество во борбата против корупцијата и истакнати се најновите активности на мрежата СЕЛДИ, како што се настаните поврзани со подобрување на партиципативната демократија и зајакнувањето на влијанието на граѓанското општество во процесите на креирање политики и реформи. Дополнително, во билтенот се осврнуваме на предизвиците поврзани со анкетните листови и нуди увид во идните планови за антикорупциски напори во регионот.




### Институт за демократија



## Со измените по скретена постапка на Законите за Коридорите 8 и 10д се заобиколува анализата за ризици од промените

Институт за демократија денеска во Хотел Солун го одржа настанот „Зголемени ризици од брзи измени на закони за изградба на коридорите 8 и 10д“ на кој се дискутираше за различните аспекти на предложените законски измени и какви импликации ќе имаат во областите кои ги опфаќаат. Законските измени се предвидени по скратена постапка, без претходна дискусија во која би се разгледале нивните импликации и без консултација со засегнатите страни.

Фондација за интернет и општество Метаморфозис



## Средби на работната група за Стратегија за транспарентност на Влада на Република Северна Македонија (2023 – 2026)

Во текот на април, Фондација Метаморфозис во соработка со Кабинетот на вицепремиерката задолжена за политики за добро владеење, организираше 3 средби на работната група за Стратегијата за транспарентност на Владата со акциски план (2023-2026), која треба не само да ги продолжи заложбите од претходната Стратегија, туку и да даде нови насоки и принципи за подобрување на транспарентноста на институциите. Преку зајакнување на транспарентноста на Владата и на органите, односно институциите кои одговараат пред неа, ќе се зголеми довербата на граѓаните и ќе се подигне нивото на демократизација на државата. Новата Стратегија за транспарентност предвидува олеснет пристап до услугите, но и зајакнување на отчетноста на институциите.

Македонски центар за меѓународна соработка




## SELDI за Денот на Планетата Земја со истакнување на врската помеѓу корупцијата и деградирањето на животната средина

На 22 април 2023 година SELDI се приклучува на глобалната заедница во одбележувањето на Денот на планетата Земја и подигање на свеста за важноста на заштита на нашата планета.
Влади, бизниси и поединци се повикуваат да инвестираат во подобра иднина за глобус во согласност со овогодинешната тема, „Инвестирајте во нашата планета“. Тоа е апел за итна акција за справување со еколошките проблеми со кои во моментов се соочуваме и унапредување на зелената економија.

Фондација за интернет и општество Метаморфозис



## “Новинарство засновано на податоци и визуелизации”

Фондацијата Метаморфозис, во соработка со Меѓународниот центар за новинари (International Center for Journalists – ICFJ) од 26 до 28 април во Струмица ја спроведоа тридневната обука на англиски јазик „Новинарство засновано на податоци и визуелизации“. На обуката учествуваа 11 лица, првенствено студенти и млади новинари, од Вардарскиот и од Југоисточниот регион.
Обуката ја водеа тројца новинари, предводени од еминентниот новинар на „Њујорк Тајмс“, Роберт Гебелоф, кој предава дата новинарство на Факултетот за новинарство при Универзитетот Колумбија во Њујорк. Од Фондацијата Метаморфозис како обучувачи беа вклучени новинарите Горан Ризаов и Бојан Блажевски.

# Платформата во медиумите

**Македонски центар за меѓународна соработка**



## Изјава на Снежана Камиловска Трповска во „Топ тема“: Проблемот е начинот на носење на посебниот закон за „Бехтел&Енка“, а не дали е (не)уставен

„Целосно се бајпасираа сите закони кои што важат во државата, важеа во тој момент, за да може да се донесе тој стратешки посебен закон. Законот за јавни набавки и тогаш и сега е на сила. Зошто не се употреби за овој конкретен случај, ние не знаеме конкретно. Стручната јавност не е вклучена во процесот на креирањето. Ние преку ноќ имаме осум, односно девет закони кои што во ниту еден случај не се консултирани со стручната јавност, не се консултирани граѓани за кои велиме „јавниот интерес пред сѐ, мото под кое се поставуваат на седница на Собрание. Ако веќе станува збор за јавен интерес, тогаш задолжително, осносно, парадигма е да имаме транспарентен и отчетен процес“, вели Камиловска Трповска.

---

**Институт за демократија**



## Интервју: Миша Поповиќ: Корист од измените на законите за „Бехтел и Енка“ има приватниот интерес

Кога се носат закони, потребно е да видиме анализи. Владата дури и има во својот деловник, таканаречена проценка на влијание на регулативата која на сите оние подоцна кои што носат одлуки, зборуваме всушност за пратениците, може да им даде доволно информации за тоа какви се штетите и какви се придобивките на некаква измена на закон. Кога сето ова се води по скратена постапка ние не знаме, не можеме да процениме кои се штетите, до каде ќе идат штетите, до каде би оделе и придобивките, бидејќи нели никој не е против изградба на коридорите, меѓутоа зборуваме за ситуација во којашто креирањето на политики врз база на податоци во една јасна процедура овозможува да ние сите можеме да ги видиме и да ги процениме штетите. Вака, ние не знаеме, освен што очигледно, дека измените идат во корист на помала контрола, помал надзор, а со тоа оди и преферирањето на приватниот интерес на страните вклучени во целиот проект… Ако треба да бидат брзи постапките тие можат да бидат забрзани, но не можат да се менуваат. Ние гледаме во предложените закони промена на начин како се штитат правата и тоа едноставно, сметам дека не е оправдано“, вели Миша Поповиќ

---

**Македонски центар за меѓународна соработка**



## Изјава на Снежана Камиловска Трповска: Коридорот 8 е дел од Националната транспортна стратегија за која е надлежен Бочварски, а не Груби

„Ако ние имаме Национална транспортна стратегија која е донесена во 2018 г. од Министерството за транспорт и важи до 2030 г., во која сите овие делници што се предмет на договорот со ‘Бехтел и Енка’ се дел од самата Национална транспортна стратегија и во која децидно е наведено дека Министерството за транспорт е надлежно за нејзино реализирање во соработка со регулаторните тела од областа, се поставува прашањето – кој е релевантен во целиот процес? Кој ќе ја спроведува таа транспортна стратегија, дали тоа ќе биде вицепремиерот? Дали на вицепремиерот ќе му се прошират надлежностите на неговото ресорно министерство, затоа што знаеме дека е во процес реорганизација на државната управа? Дали, можеби, Министерството за политички систем во своите ингеренции ќе вметне дел од транспорт и врски? Многу прашања произлегуваат, а надлежностите што си ги дава Владата излегуваат од надлежностите во Законот за Влада“

# Платформа на граѓански организации за борба против корупцијата

Асоцијација за демократски иницијативи - АДИ

ЕВРОТИНК – Центар за европски стратегии

Институт за демократија Социетас Цивилис Скопје

Институт за човекови права

Здружение Конект Скопје

Коалиција Сите за правично судење

Македонски центар за меѓународна соработка

Фондација за интернет и општество Метаморфозис

Граѓанската асоцијација МОСТ

Институт за економски стратегии и меѓународни одоси - Охрид. (Институт Охрид)

Транспаренси Интернешнл- Македонија

Транспарентност Македонија

Фондација отворено општество Македонија

Форум-Центар за стратешки истражувања и документација

Хелсиншки комитет за човекови права

Центар за граѓански комуникации

Центар за истражување и креирање политики

SCOOP – Центар за истражувачко новинарство